**Народна банка на Република Македонија**

# Месечна информација
# 7/2012

Август, 2012 година

**Резиме**

**Во текот на јули 2012 година НБРМ ја задржа основната каматна стапка на нивото од 3,75%, а ваквата нејзина непроменливост се темели на согледувањата дека тековната монетарна поставеност е соодветна на макроекономскиот амбиент.** Ова го потврдуваат и најновите макроекономски податоци, кои во најголем дел соодветствуваат со очекувањата од последните проекции. Така, во согласност со вообичаената сезонска динамика, во јули цените забележаа пад на месечна основа, додека просечните стапки на вкупната и базичната инфлација се задржаа на нивото од претходниот месец (2,3% и 1,6%, соодветно). Според најновите проекции, се очекува инфлацијата да се задржи во контролирани рамки и во просек да се одржи на ниво блиско до тековното (2,2%). Девизните резерви во јули забележаа раст во однос на крајот на 2011 година и понатаму се одржуваат на соодветно ниво. Сепак, **ризиците** поврзани со неизвесноста и променливоста на глобалниот амбиент се уште понагласени. Дополнителен аспект е и информацијата која беше објавена по затворањето на јулските проекции, а се однесува на промените во начинот на тарифирање на потрошената електрична енергија (т.е. укинувањето на дневната евтина тарифа). Ова може да доведе до нешто поголем раст на инфлацијата од очекуваниот. Во вакви услови, **НБРМ ќе продолжи со претпазливо водење на монетарната политика, односно внимателно ќе ги следи движењата и доколку е потребно, навремено ќе реагира.**

**Расположливите високофреквентни податоци за економската активност за вториот квартал на 2012 година упатуваат на сè уште намалена производна активност и влошена надворешнотрговска размена, што ги потврдува очекувањата за остварување слаб економски раст во текот на 2012 година. Намалувањето** на **обемот на индустриското производство** на годишна основа продолжи да забавува и во јуни се сведе на 4,1%, но без позначајно подобрување кај просечната искористеност на производствените капацитети. Сепак, иако со забавена динамика, индустриското производство и во вториот квартал се задржа во негативната зона (пад од 5,6%, наспроти 8,4% во првиот квартал). Движењата кај надворешната трговија во вториот квартал упатуваат на влошено трговско салдо, како резултат на намалениот извоз и повисокиот увоз на стоки. Имено, продлабочениот пад на извозот на енергија (пред сè нафта и нафтени деривати) и понискиот извоз на стоки за лична потрошувачка услови годишен пад на **извозот на стоки** во вториот квартал од 5,3% (по стагнацијата во првиот квартал). Од друга страна, **увозот на стоки** забележа годишен раст во вториот квартал од 4,3% (пад од 4% во првиот квартал), што се должи на зголемениот увоз на суровини за хемиската и металната индустрија. **Истовремено, нецелосните податоци за останатите сектори засега упатуваат на подобри остварувања во споменатиот период.** Така, во периодот април - мај прометот во **трговијата на големо** бележи забрзан годишен раст (18,9%%, наспроти растот од 15,3% во првиот квартал), додека падот кај **трговијата на мало** е поумерен (1,1%) и забавува во однос на претходното тримесечје (2%). **Сообраќајот во телекомуникациите** го задржува темпото на годишен раст од околу 17%, како и во претходниот квартал. **Вредноста на извршените градежни работи** и натаму бележи годишен пад, но со забавена динамика (12,1%, наспроти 19,1% во првиот квартал). Имено, извршените градежни работи во овој период се значително повисоки во однос на првиот квартал (за 15,5%), но истовремено е висока и споредбената основа од истиот период лани, кога се реализираа обемни државни инвестиции. Во наредниот период може да се очекува значително зголемување на градежната активност, имајќи го предвид постојаниот кумулативен раст на *вредноста на издадените одобренија за градење* од почетокот на

годината, кој значително засилува во јуни поради предвидените зафати на делницата од Коридорот 10, со што во вториот квартал нивната вредност е за 2 пати повисока на годишна основа (наспроти годишен раст од околу 35% во првиот квартал).

**Индикативните категории на агрегатната побарувачка, во реални показатели, упатуваат на натамошно забавување на растот на личната потрошувачка и послаба инвестициска активност во вториот квартал на 2012 година**. Имено, согледувањата за *личната потрошувачка* произлегуваат од нешто послабата динамика на раст на доходот на населението и на кредитите (како дополнителен извор на финансирање), како и од пониските приходи од ДДВ забележани во вториот квартал. Падот забавува единствено кај прометот во трговијата на мало, но податоците се однесуваат само за првите два месеца од кварталот. Согледувањата за *инвестициската активност* се базираат врз високиот пад на државните капитални инвестиции и на увозот на средства за работа, на натамошниот пад на индустриското производство, како и на забавениот раст на кредитите на претпријатијата. Странските директни инвестиции и извршените градежни работи, кои засега се нецелосни податоци за кварталот, и натаму се пониски од лани, но падот е поумерен.

**Остварувањата во надворешниор сектор генерално ја следат проектираната динамика.** Според последните расположливи податоци, **во периодот април - мај 2012 година е регистриран дефицит во тековната сметка на билансот на плаќања од 85 милиони евра, или 1,1% од БДП,** што претставува проширување на дефицитот за 0,5 п.п. од БДП во однос на истиот период од претходната година. Влошувањето најмногу се должи на продлабочениот трговски дефицит, што само делумно е неутрализирано со повисоките приливи од приватните трансфери (висок нето-прилив од менувачкото работење). **Кај капитално-финансиската сметка во овој период се остварени нето-приливи од 54,7 милиони евра, или 0,7% од БДП**. Високофреквентните податоци од надворешниот сектор покажуваат стеснување на дефицитот во размената на стоки во јуни, а поволните движења на менувачкиот пазар продолжуваат и во текот на јули. **Бруто девизните резерви** и натаму се одржуваат на соодветното ниво. На 31.07.2012 година тие изнесуваа 2.096,3 милиони евра, што е повеќе за 27,4 милиони евра во однос на крајот на претходната година.

**Вкупниот депозитен потенцијал на банките во јули 2012 година продолжи да расте со забавена годишна динамика (6,7%, наспроти 7,6% во претходниот месец),** во услови на забавен раст на депозитите на домаќинствата и истовремено намалување кај корпоративните депозити. **Вкупните кредити кон приватниот сектор продолжија да растат и во јули, со речиси иста годишна стапка на раст како и во претходниот месец (7,4%),** при речиси непроменета месечна динамика на раст на кредитите на домаќинствата и претпријатијата и забрзан раст на денарските кредити. **Според последните проекции, се очекува забрзување на годишниот раст на вкупните кредити на банките кон приватниот сектор до крајот на 2012 година.**

**Непроменета основната каматна стапка во јули...**




Извор: НБРМ.

Во јули, максималната каматната стапка на благајничките записи се задржа на нивото од јуни и изнесуваше 3,75%. Притоа, просечната пондерирана каматна стапка на аукцијата на благајнички записи одржана во јули се задржа на јунското ниво и изнесуваше 3,73%.

**...во услови на пад на потрошувачките цени на месечна основа...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Продлабочувањето на падот на потрошувачките цени на месечна основа во јули го рефлектира понатамошниот пад на цените на храната, кој во јули се должеше на сезонски фактори. Сепак, нешто послабиот ефект на сезоната оваа година влијаеше за мало забрзување на вкупната инфлација на годишна основа, при забавен раст на цените на енергетската компонента и стабилна базична инфлација.

**... и задржување на девизните резерви на соодветно ниво.**




Извор:НБРМ.

На крајот на јули, девизните резерви достигнаа ниво од 2096,3 милиони евра, со што е забележан пораст во однос на крајот од претходната година. Девизните резерви и понатаму се одржуваат на соодветно ниво.

**Во јули, годишната стапка на инфлација бележи мало забрзување на растот...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Во јули, потрошувачките цени забележаа месечен пад од 0,9%, како резултат на сезонскиот пад на цените на храната (свежиот зеленчук и овошје) и падот на цените на течните горива. На годишна основа, инфлацијата забрза (од 2,1% во јуни на 2,3% во јули), што при непроменета базична инфлација и забавен раст на цените на енергијата, го одразува ефектот на забавениот пад на цената на свежото овошје.

**...додека годишната инфлација во евро-зоната остана стабилна на 2,4%.**




Извор: Еуростат. *проценет податок за јули

Годишната стапка на инфлација во евро-зоната во јули остана непроменета (трет месец по ред) на 2,4%. Годишниот раст на цените главно беше движен од цените на енергијата, додека на месечна основа, падот од 0,5% се должеше на пониските цени на облеката и обувките.

**Цената на нафтата на светските берзи од јули го започна својот нагорен тренд, во услови на пониско производство и глобална макроекономска неизвесност.**




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД и НБРМ.

Просечната цена на суровата нафта на светските берзи во јули забележа месечен раст од 7,9% и изнесуваше 103,1 САД-долари за барел. Нагорниот тренд продолжи и во првата половина на август, при што просечната цена достигна 111,8 САД-долари за барел. Во овој период, неизвесноста од должничката криза во евро-зоната, случувањата на Блискиот Исток, забавувањето на економската активност на Кина и САД беа главните фактори кои влијаеја на цената на нафтата. На 13.8.2012 година, РКЕ донесе одлука за зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати за 2,94%[1].

[1] Зголемувањето произлегува од растот на цената на суровата нафта на светските берзи (4,79%) и растот на референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар, при апрецијација на денарот во однос на САД-доларот (од 0,62%).

**Во мај се продлабочи реалниот годишен пад на нето-платата.**




Извор: ДЗС.

Во мај е забележан мал месечен раст на нето-платата од 0,6%, наспроти падот од 1,6% во претходниот месец. Ваквите движења се резултат на повисокиот раст на платите кај земјоделството и на исцрпувањето на ефектот од привремениот раст на платите кај услугите (информации и комуникации[2]). На годишна основа, номиналиот пад на платите и забавената годишна стапка на инфлација условија подлабок реален годишен пад на нето-платата (од 1,1% во април, на 2,4% во мај).

**Во јуни, годишниот пад на индустриското производство продолжи да забавува...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Во јуни 2012 година, индустриското производство забележа месечен раст од 1,4% (мал пад од 0,8% на сезонски приспособени податоци). Позитивните остварување два месеца по ред на месечна основа, условија забавување на годишниот пад и во јуни тој се сведе на 4,1% (во мај падот изнесуваше 5,4%).

**... заради производството на електрична енергија, метали и облека.**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Забавениот пад се должи на намаленото производство кај половина од гранките кои сочинуваат само 37,3% од индексот (во претходните месеци, падот беше карактеристичен за повеќе гранки). Притоа, најголем придонес за забавувањето има растот на производството на електрична енергија, метали и облека, коишто во претходните неколку месеци бележеа постојан пад. Годишниот пад на индустријата во вториот квартал се сведе на 5,6%, главно заради производството на облека, метални производи и останата опрема за транспорт, како и на забавениот пад на производството на електрична енергија.

[2] Во дејноста „информации и комуникации", во март 2012 година беа исплатени бонуси, така што во април беше забележан голем пад, а во мај ваквиот базен ефект се исцрпува.

**Мало подобрување на очекувањата на раководителите на претпријатијата за производството во следните три месеци.**




Извор: ДЗС.

Во јуни, оценката на раководителите за тековната економска состојба на претпријатијата во преработувачката индустрија е малку понеповолна во однос на мај, а искористеноста на капацитетите е речиси непроменета. Од друга страна, очекувањата за производството во следните три месеци бележат мало подобрување, при очекувања за поголем број вработени и повисоки набавни и продажни цени.

**Останатите сектори од економијата, во мај бележат дивергентни движења...**




Извор: ДЗС.

Во мај 2012 година, телекомуникациите бележат мало забрзување на стапката на раст, а позначајно забрзување на темпото на раст бележи трговијата на големо. Поволните придвижувања во трговијата на големо во последните три месеци условија постепено намалување на падот кај трговијата на мало, којашто во мај забележа стагнација. Градежништвото повторно бележи намалување на годишна основа и ја задржа надолната динамика започната во претходниот месец.

**...додека, во периодот април - мај 2012 година, движењата кај останатите сектори се во нагорна насока...**




*со податоци за април и мај 2012 год.

Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Во првите два месеца од второто тримесечје, трговијата на големо оствари повисока реална годишна стапка на раст во однос на претходното тримесечје, додека кај телекомуникациите е забележана речиси иста висока стапка на раст. Наспроти тоа, трговијата на мало бележи реален годишен пад, но со забавена динамика, а забавува и падот кај градежништвото.

**... со позитивни сигнали за идната градежна активност.**




Извор: ДЗС.

Во јуни 2012 година, предвидената вредност на издадените одобренија за градење е повисока за 3,9 пати, на месечна и на годишна основа. Ова произлегува од издадените одобренија за нискоградба, односно доизградбата на коридорот 10[3].

Расположливите податоци за индикативните категории на агрегатната побарувачка[4] засега упатуваат на пад на економската активност и во второто тримесечје на 2012 година.

[3] Одобрението за градба се однесува на изградбата на патниот правец Демир Капија - Смоквица од Коридорот 10, што се очекува да почне во септември и градежните работи треба да се одвиваат во следните четири-пет години, а крајниот рок за завршување на делницата е до крајот на 2017 година. Изградбата на автопатската делница Демир Капија-Смоквица ќе чини околу 270 милиони евра и средствата се обезбедени од Европската комисија (грант од 45 милиони евра), ЕИБ (заем од 130 милиони евра), ЕБОР (заем од 90 милиони евра) и Агенцијата за државни патишта (6 милиони евра).

[4] Види прилог-табели број 6, 7 и 8.

**Дефицитот на тековната сметка забележа благо проширување на годишна основа во текот на мај...**




Извор:НБРМ.

Во мај продолжи проширувањето на дефицитот на тековната сметка на годишна основа, но со значително намалена јачина. Дефицитот изнесува 10,9 милиони евра и е најнизок остварен дефицит во тековната година.[5]

**... што целосно се должи на повисокиот дефицит во рамената со стоки и услуги и дефицитот кај доходот...**




*Позитивните вредности влијаат во насока на намалување на дефицитот/зголемување на суфицитот во тековната сметка.

Извор: НБРМ.

Проширувањето на дефицитот на тековната сметка се должи на негативното салдо во размената на стоки и услуги и повисокиот дефицит кај доходот, додека тековните трансфери се единствениот фактор, којшто влијае во насока на негово стеснување.

**... нето-одливи се регистрирани и во капитално-финансиската сметка...**




Извор:НБРМ.

Кај капитално-финансиската сметка за прв пат во последните седум месеци се регистрирани нето-одливи во износ од 10,4 милиони евра.

[5] Во мај претходната година беше остварено урамнотежено салдо на тековната сметка.

**... коишто во најголем дел се должат на трговските кредити, заемите и валутите и депозитите.**




Извор: НБРМ.

Остварените движења во капитално-финансиската сметка ги одразуваат нето-одливите остварени кај трговските кредити, заемите и валутите и депозитите, додека позначајни позитивни остварувања се регистрирани кај странските директни инвестиции. Имено, во мај, по овој основ се остварени приливи во висина од 28,7 милиони евра.

**Во јуни е забележано стеснување на трговскиот дефицит на годишна основа...**




Извор:ДЗС.

Во јуни е прекинат тримесечниот тренд на проширување на дефицитот во размената на стоки. Трговското салдо се стесни за 13,6 милиони евра на годишна основа.

**... што се должи на остварениот раст на извозот и намалениот увоз на годишна основа.**




Извор:ДЗС.

Подобреното салдо е резултат на движењата кај двете компоненти на размената, годишен раст на извозот на стоки (од 0,7%) и пад на увозот на годишна основа (за 3%).

**Позитивни промени кај извозот се забележани кај поголем број категории, со исклучок на енергијата и на хемиските производи...**




Извор:ДЗС.

Растот на извозната активност е најизразен кај железото и челикот, машините и транспортните уреди и тутунот, додека негативен придонес за растот е забележан главно кај нафтата и нафтените деривати и хемиските производи.

**... додека падот на увозот главно се должи на енергијата, разните готови производи и машините и транспортните уреди...**




Извор:ДЗС.

Намалувањето на увозот на нафта и нафтени деривати, на категоријата разни готови производи, како и увозот на индустриски машини и возила во најголем дел придонесе за падот на увозната активност на годишна основа. Од друга страна, забележано е зголемување на увозот на храна и руди, што делуваше во насока на ублажување на годишниот пад.

**... во услови на апрецијација на РЕДК...**




Извор:НБРМ.

Во јуни, промените кај показателите за ценовна конкурентност на економијата на годишна основа укажуваат на намалување на ценовната конкурентност. Кај двата индекса се забележуваат притисоци за апрецијација, при што РЕДК мерен според трошоците на живот апрецира поблаго (за 1,7%), споредено со апрецијацијата на РЕДК, мерен според индексот на цените на производителите (од 3%).

**... што главно се должи на апрецијацијата на НЕДК на годишна основа.**




Извор:НБРМ.

Во јуни, индексот на НЕДК, втор месец по ред забележа позначителна апрецијација (за 2,8%) на годишна основа. Ваквото движење е резултат на апрецијацијата на денарот во однос на српскиот динар (од 13,7%), што објаснува 86% од годишната промена. Релативните цени бележат дивергентни движења, односно пад на релативните потрошувачки цени и раст на релативните цени на производителите (во услови на побрз раст на домашните од странските цени).

**Зголемен нето-откуп на менувачкиот пазар и во јули...**




Извор:НБРМ.

На годишна основа, растот на нето-откупот на менувачкиот пазар продолжи и во јули (15,5%), но со намалена динамика. Збирно, нето-откупот е повисок за 39,8% во однос на истиот период од претходната година.

**... во услови на раст на понудата, при истовремен пад на побарувачката на девизи.**




Извор:НБРМ.

Понудата на девизи повторно бележи годишен раст (10,7%), но со забавена динамика. Од друга страна, падот на побарувачката (од 9,6%) продолжува трет последователен месец, но со постепено забавување.

**Во јули, девизните резерви бележат зголемување во однос на крајот на 2011 година...**




Извор:НБРМ.

Од почетокот на годината до крајот на јули, бруто девизните резерви на збирна основа оствариja раст (од 27,4 милиони евра).

**... при дивергентни движења кај одделните компоненти.**




Извор:НБРМ

Зголемувањето на девизните резерви во овој период се должи на нето-откупот на НБРМ на девизниот пазар и позитивните валутни промени и промените на цената на златото, коишто целосно го неутрализираа одливот на девизи врз основа на трансакциите за сметка на државата и на задолжителната резерва на банките во девизи.

**Забавување на годишниот раст на примарните пари во јули...**




*Се однесува на примарни пари со вклучена задолжителна резерва во девизи.

Извор: НБРМ

Годишниот раст на примарните пари во јули забави од 7,7% во јуни на 6,6%, во услови на забавен раст на вкупните ликвидни средства на банките и умерено засилување на растот на готовите пари во оптек[6].

**...при засилен раст на месечна основа, во услови кога монетарните инструменти на НБРМ делуваа во насока на креирање примарни пари.**




Извор: НБРМ

*Позитивна промена - креирање примарни пари; негативна промена - повлекување примарни пари.

Во јули, примарните пари повторно се зголемија на месечна основа и тоа со посилна динамика споредено со претходниот месец. Растот во најголем дел се должи на монетарните инструменти на НБРМ и трансакциите на НБРМ со државата кои придонесоа за креирање ликвидност.

**Годишниот раст на депозитите во јули продолжи да забавува...**




Извор: НБРМ.

Вкупните депозити[7] во јули беа повисоки за 6,7% на годишна основа, наспроти 7,6% во јуни, што укажува на задржување на надолниот тренд на раст започнат од март.

---

[6] Се однесува на готови пари во оптек и готовина во благајна на банките.
[7] Со вклучени депозитни пари. Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

**...при што растот во целост се должи на растот на депозитите во домашна валута...**




Од аспект на валутната структура, денарските депозити и понатаму (втор месец по ред) се основниот двигател на годишниот раст на вкупните депозити, во услови на пад на девизните депозити на годишна основа.

**...додека од секторски аспект, новото штедење на годишна основа е генерирано од секторот домаќинства...**




Извор: НБРМ.

Годишниот раст на вкупните депозити во јули во целост произлегува од штедењето на домаќинствата, во услови кога депозитите на претпријатијата од приватниот сектор за првпат од јуни 2011 година забележаа мал негативен придонес.

**...а од рочен аспект, позначаен е придонесот на долгорочните депозити.**




По неколкумесечното зголемување на придонесот на долгорочните депозити во растот на вкупните депозити, во јули долгорочните депозити доминираат во структурата на новото штедење.

**Годишниот раст на најшироката парична маса со забавена динамика во јули...**




Извор: НБРМ.

Во јули, монетарните агрегати растеа со забавена годишна динамика, со исклучок на најликвидниот монетарен агрегат М1, кој забележа засилен раст. Најшироката парична маса М4 во јули беше повисока за 7,3% на годишна основа, наспроти 8% во јуни.

**... што во најголем дел произлегува од забавената годишна стапка на раст на краткорочните депозити.**




Извор: НБРМ.

Забавувањето на годишниот раст на М4 во јули во најголем дел произлегува од забавената стапка на годишен раст на краткорочни депозити, при забрзување на растот на депозитните пари и готовите пари во оптек.

**Речиси непроменета стапка на годишен раст на вкупните кредити во јули...**




Извор: НБРМ.

Во јули, вкупните кредити продолжија да се зголемуваат, со речиси идентична динамика како и претходниот месец, при што на годишна основа тие беа повисоки за 7,4% (7,5% во јуни).

**...од валутен аспект, денарските кредити со позначаен придонес за растот на вкупните кредити и во јули...**




Извор: НБРМ.

Од валутен аспект, годишниот раст на вкупните кредити во јули во најголем дел се должи на денарските кредити, што упатува на стабилен тренд во изминатите четири месеци.

**...од секторски аспект, корпоративните кредити и понатаму со позначајна улога во годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот на двата главни сектора, годишниот раст на вкупните кредити и понатаму во најголем дел се должи на растот на кредитите на претпријатијата.

**...од рочен аспект, порастот на вкупните кредити речиси во целост произлегува од растот на долгорочните кредити.**




Извор: НБРМ.

Трендот на висок позитивен придонес на долгорочните кредити за вкупниот кредитен раст продолжи и во јули.

**Показателот за покриеност на кредитите со депозити понизок во однос претходниот месец.**




Извор: НБРМ.

Во јули, показателот за покриеност на кредитите со депозити умерено се намали од 91,5% во јуни до ниво од 90,7%, заради повисокиот месечен раст на депозитите од една страна, и послабиот месечен раст на кредитите, од друга страна.

**Каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити забележаа минимални промени во јули.**




Извор: НБРМ

По растот на МБКС и МКДОНИА во јуни, во јули овие каматни стапки на меѓубанкарскиот пазар на пари умерено се намалија, во услови на непроменета просечна пондерирана каматна стапка на благајнички записи на НБРМ (остварена на аукцијата во јули). Од друга страна, СКИБОР забележа минимално нагорно поместување.

**Вкупните денарски активни и пасивни каматни стапки останаа непроменети во јуни...**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на денарските кредити и депозити во текот на јуни се задржаа непроменети, на нивото од претходниот месец.

**...при непроменето ниво на каматните стапки на вкупните девизни кредити и умерен раст на каматните стапки на девизните депозити.**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на вкупните девизни кредити се задржаа на истото ниво од претходниот месец, при мал раст на каматните стапки на вкупните девизни депозити.

**Пад на каматните стапки на новите денарски кредити и депозити...**




Извор: НБРМ

Новите активни и пасивни денарски каматни стапки забележаа пад во јуни, којшто е позначаен кај каматната стапка на новопримените денарски депозити.

**...при посилен раст на каматната стапка на новоодобрените девизни кредити.**




Извор: НБРМ

Новите активни и пасивни девизни каматни стапки забележаа раст во јуни, којшто е позначаен кај каматната стапка на новоодобрените девизни кредити.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

## Табела 1

### ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | VII.2012 / VI.2012 | VII.2012 / VII.2011 | I-VII.2012 / I-VII.2011 | VII.2012 / VI.2012 | VII.2012 / VII.2011 | I-VII.2012 / I-VII.2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *промена во %* | | | *придонес во процентни поени* | | |
| **Вкупно** | ***-0.9*** | ***2.3*** | ***2.3*** | ***-0.9*** | ***2.3*** | ***2.3*** |
| **Исхрана** | **-1.8** | **1.4** | **0.9** | **-0.7** | **0.6** | **0.4** |
| Производи од жито | 0.0 | -1.2 | 1.4 | 0.0 | -0.1 | 0.1 |
| Свеж и преработен зеленчук | -10.7 | 4.3 | -0.5 | -0.6 | 0.2 | -0.1 |
| Свежо и преработено овошје | -2.0 | 0.2 | -5.0 | -0.1 | 0.0 | -0.2 |
| Свежо и преработено месо | 0.0 | 3.2 | 3.5 | 0.0 | 0.3 | 0.3 |
| Свежа и преработена риба | 0.0 | 3.4 | 4.2 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Свежо и преработено млеко | 0.0 | 1.1 | 1.3 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Свежи јајца | -3.5 | 4.7 | 7.9 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Маснотии | 0.1 | -4.0 | -5.8 | 0.0 | -0.1 | -0.1 |
| **Тутун и пијалаци** | **-0.2** | **0.1** | **0.1** | **0.0** | **0.0** | **0.0** |
| **Облека и обувки** | **0.0** | **5.0** | **3.2** | **0.0** | **0.3** | **0.2** |
| **Домување** | **-0.1** | **5.2** | **6.0** | **0.0** | **0.8** | **0.9** |
| Стан (станарина, вода, услуги) | 0.0 | 2.3 | 2.2 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Огрев и осветление | -0.2 | 7.5 | 8.8 | 0.0 | 0.8 | 0.9 |
| Греење и услуги | -0.6 | 6.8 | 7.5 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Електрична енергија и осветлување | 0.0 | 7.7 | 9.4 | 0.0 | 0.5 | 0.6 |
| **Хигиена и здравје** | **0.3** | **2.4** | **2.2** | **0.0** | **0.2** | **0.2** |
| **Култура и разонода** | **0.2** | **1.2** | **1.0** | **0.0** | **0.0** | **0.0** |
| **Сообраќајни средства и услуги** | **-1.7** | **1.3** | **3.3** | **-0.2** | **0.2** | **0.4** |
| Течни горива и масла | -4.9 | 5.1 | 8.6 | -0.2 | 0.2 | 0.4 |
| Сообраќајни и птт услуги | 0.1 | -3.8 | -2.2 | 0.0 | -0.2 | -0.1 |
| **Ресторани и хотели** | **0.1** | **2.0** | **2.8** | **0.0** | **0.1** | **0.2** |
| **Останати услуги неспомнати на друго место** | **0.0** | **-1.0** | **0.0** | **0.0** | **0.0** | **0.0** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 2

### ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | 2011 Кв.3 | 2011 Кв.4 | 2012 Кв.1 | 2012 Кв.2 | последни месеци март 12 | апр 12 | мај 12 | јуни 12 | јули 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 4.1 | 4.7 | 3.6 | 3.2 | 2.5 | 2.1 | 1.4 | 2.2 | 2.0 | 2.1 | 2.3 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 4.1 | 4.4 | 4.1 | 3.9 | 2.5 | 2.3 | 2.5 | 2.5 | 2.4 | 2.3 | 2.3 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2.6 | 0.3 | 0.2 | 1.1 | 1.0 | 1.2 | 1.3 | 0.9 | 1.4 | 1.8 | 1.4 | 1.8 | 1.9 | 1.6 | 1.6 |
| Регулирани цени | 9.3 | -1.8 | 11.3 | 6.9 | 7.1 | 6.9 | 6.8 | 7.0 | 9.4 | 8.7 | 8.2 | 9.3 | 8.7 | 8.0 | 6.7 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10.2 | -7.0 | 8.7 | 11.1 | 13.6 | 11.6 | 10.2 | 9.1 | 5.1 | 3.1 | 4.3 | 3.0 | 3.2 | 3.0 | 4.2 |
| Продуктивност | 1.9 | -4.2 | 1.5 | 2.2 | 1.1 | 2.9 | 0.7 | 3.9 | -0.3 | - | - | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата* | 10.3 | 9.8 | 3.0 | 1.4 | 1.9 | 1.5 | 1.6 | 0.8 | 1.0 | - | 2.4 | 1.1 | -0.4 | - | - |
| Реална нето-плата* | 1.9 | 10.8 | 1.4 | -2.4 | -2.1 | -3.1 | -1.9 | -2.4 | -1.5 | - | 1.0 | -1.1 | -2.4 | - | - |

*За 2009 година податокот е корегиран од структурната промена поради примената на концептот за бруто-плати, кој ги вклучува надоместоците за храна и превоз во платите.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

## Табела 3

### НОМИНАЛНА И РЕАЛНА НЕТО-ПЛАТА ПО ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ*

| | 2011 | | | | 2012 | | | 2011 | | | | 2012 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | апр | мај | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | апр | мај |
| | *номинални годишни промени во %* | | | | | | | *реални годишни промени во %* | | | | | | |
| **Вкупно** | 1.9 | 1.5 | 1.6 | 0.8 | 1.0 | 1.1 | -0.4 | -2.1 | -3.1 | -1.9 | -2.4 | -1.5 | -1.1 | -2.4 |
| ***Земјодество*** | -1.2 | 3.8 | 4.6 | 6.8 | 7.2 | 6.2 | 6.3 | -5.1 | -0.9 | 1.0 | 3.5 | 4.5 | 3.9 | 4.2 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | -1.2 | 3.8 | 4.6 | 6.8 | 7.2 | 6.2 | 6.3 | -5.1 | -0.9 | 1.0 | 3.5 | 4.5 | 3.9 | 4.2 |
| ***Индустрија*** | 2.2 | 2.9 | 2.5 | 0.8 | 0.7 | 1.9 | 0.1 | -1.8 | -1.8 | -1.1 | -2.3 | -1.8 | -0.2 | -1.9 |
| Рударство и вадење на камен | 7.8 | 3.6 | 5.1 | -1.2 | -6.5 | -1.3 | 0.0 | 3.5 | -1.1 | 1.5 | -4.3 | -8.8 | -3.4 | -2.0 |
| Преработувачка индустрија | 4.4 | 3.9 | 3.7 | 1.9 | 0.6 | 2.2 | 0.7 | 0.3 | -0.8 | 0.1 | -1.3 | -1.9 | 0.0 | -1.3 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -2.7 | 1.0 | -0.3 | 0.7 | 4.4 | 4.3 | 0.4 | -6.6 | -3.6 | -3.8 | -2.4 | 1.8 | 2.1 | -1.6 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2.3 | 4.7 | 4.0 | 2.4 | 1.0 | 0.2 | -1.5 | -1.7 | 0.0 | 0.4 | -0.8 | -1.5 | -1.9 | -3.5 |
| Градежништво | 3.5 | 3.0 | 2.3 | 1.2 | 3.0 | 3.1 | 0.7 | -0.6 | -1.7 | -1.2 | -2.0 | 0.4 | 0.9 | -1.3 |
| ***Услуги*** | 3.0 | 5.1 | 4.2 | 2.6 | 3.3 | 0.8 | -1.4 | -1.0 | 0.4 | 0.5 | -0.6 | 0.7 | -1.3 | -3.3 |
| Трговија на големо и трговија на мало;поправка на моторни возила и мотоци | -0.6 | -1.8 | -0.1 | -1.0 | 2.4 | 2.5 | -0.5 | -4.5 | -6.2 | -3.6 | -4.1 | -0.1 | 0.3 | -2.4 |
| Транспорт и складирање | 2.4 | 2.5 | 6.9 | 1.7 | 0.3 | 0.6 | -1.2 | -1.6 | -2.1 | 3.2 | -1.5 | -2.1 | -1.6 | -3.1 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 0.0 | -0.9 | 1.4 | 0.4 | 0.9 | 1.4 | 0.2 | -3.9 | -5.4 | -2.2 | -2.7 | -1.6 | -0.8 | -1.8 |
| Информации и комуникации | 1.2 | 23.8 | 2.2 | -3.3 | 18.9 | -1.9 | -15.8 | -2.8 | 18.3 | -1.4 | -6.2 | 16.0 | -3.9 | -17.5 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11.0 | 2.4 | 4.2 | 4.8 | -7.3 | -0.2 | 0.0 | 6.6 | -2.2 | 0.5 | 1.5 | -9.6 | -2.3 | -2.0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | -4.2 | -1.4 | 5.3 | 3.9 | 10.3 | 6.2 | 3.3 | -8.0 | -5.8 | 1.7 | 0.7 | 7.6 | 4.0 | 1.2 |
| Стручни, научни и технички дејности | 2.8 | 6.0 | 8.7 | 15.3 | 18.2 | 10.1 | 9.2 | -1.2 | 1.2 | 4.9 | 11.7 | 15.2 | 7.8 | 7.1 |
| Административни и помошни услужни дејности | -6.6 | -5.1 | -8.2 | -3.7 | -4.0 | -8.7 | -7.1 | -10.3 | -9.4 | -11.4 | -6.6 | -6.4 | -10.6 | -8.9 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјано осигурување | -0.2 | -0.8 | 0.3 | 0.2 | 1.2 | 1.6 | 2.7 | -4.1 | -5.2 | -3.2 | -2.9 | -1.3 | -0.6 | 0.6 |
| Образование | 4.2 | -0.5 | -0.6 | -0.8 | -0.8 | 0.1 | -0.2 | 0.1 | -5.0 | -4.1 | -3.9 | -3.3 | -2.0 | -2.2 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | -1.2 | 0.6 | 0.7 | 1.7 | 1.9 | 2.8 | 2.7 | -5.1 | -3.9 | -2.8 | -1.5 | -0.6 | 0.6 | 0.7 |
| Уметност, забава и рекреација | 6.8 | 7.2 | 8.4 | 9.8 | -5.2 | -11.0 | -7.2 | 2.6 | 2.4 | 4.6 | 6.4 | -7.5 | -12.9 | -9.1 |
| Други услужни дејности | 19.0 | 26.5 | 25.8 | 5.5 | 0.2 | 3.1 | 1.7 | 14.3 | 20.8 | 21.5 | 2.2 | -2.3 | 0.9 | -0.3 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*ДЗС почнувајќи од јануари 2011 година податоците за платите ги објавува според НКД Рев.2. Податоците од новата класификација не се споредливи со расположливите податоци од старата класификација.

## Табела 4

### ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО И ОСТАНАТИ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2011 | | | | 2012 | | Најнови податоци | | | кумулатив 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | апр 12 | мај 12 | јуни 12 | |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ | 5.0 | -0.9 | 2.9 | 3.1 | 6.3 | 5.6 | 0.7 | 0.7 | -1.4 | - | - | - | - | -1.4 |
| Индустриско производство | 5.1 | -8.7 | -4.8 | 3.3 | 13.8 | 5.3 | 1.4 | -4.7 | -8.4 | -5.6 | -7.2 | -5.4 | -4.1 | -6.9 |
| Градежништво | 25.6 | 13.7 | 14.9 | 34.3 | 61.8 | 60.0 | 17.4 | 22.5 | -19.1 | - | -9.1 | -15.2 | - | -15.6 |
| Трговија | 11.8 | -7.4 | 7.3 | 11.4 | 6.5 | 13.5 | 12.3 | 12.9 | 4.7 | - | 2.2 | 11.0 | - | 5.4 |
| Телекомуникации | 8.9 | 6.6 | 18.3 | 16.8 | 13.2 | 16.6 | 17.4 | 19.8 | 17.3 | - | 15.9 | 17.4 | - | 17.0 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 5

### СЕЛЕКТИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2011 | | | | 2012 | | јуни 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | | |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | *промена, %* | *придонес, п.п.* |
| Рударство и вадење на камен | 9.4 | -12.4 | -3.8 | 7.4 | 7.9 | 14.6 | -5.2 | 13.4 | -10.4 | -7.4 | 6.4 | 0.3 |
| Производство на прехранбени производи | 7.6 | -2.3 | 2.8 | 0.8 | -3.8 | 0.8 | -6.0 | 11.2 | 5.2 | 0.5 | 0.8 | 0.1 |
| Производство на пијалаци | 9.9 | -0.3 | -9.2 | -13.3 | -17.4 | -16.5 | -9.7 | -12.3 | 4.6 | 2.4 | -6.4 | -0.3 |
| Производство на тутунски производи | 1.9 | -3.2 | 19.6 | 16.8 | 1.3 | 43.1 | 21.8 | -3.2 | 16.8 | 5.7 | -27.9 | -3.4 |
| Производство на облека | -20.0 | -11.8 | -4.7 | 19.2 | 35.2 | 26.4 | 11.3 | 6.4 | -19.5 | -13.5 | 1.6 | 0.1 |
| Печатење и продукција на снимени медиуми (записи) | 57.3 | 26.8 | -34.2 | -5.6 | 8.6 | 6.4 | -15.7 | -15.5 | -22.2 | -4.3 | 1.6 | 0.0 |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | 1.6 | -8.9 | -6.2 | -20.3 | 43.0 | -46.2 | -23.0 | -37.6 | -49.1 | -82.1 | -94.4 | -0.8 |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 25.2 | -13.2 | -2.8 | 8.2 | 11.0 | 5.1 | 5.0 | 10.8 | -1.6 | 10.1 | 12.7 | 0.3 |
| Производство на други неметални минерални производи | -3.0 | -12.1 | -14.2 | 10.0 | 13.1 | 14.5 | 11.4 | -0.1 | -22.6 | -21.5 | -31.1 | -2.7 |
| Производство на метали | -5.3 | -43.0 | 31.8 | 7.0 | 34.0 | 11.1 | 7.7 | -16.1 | -3.8 | -8.6 | 8.2 | 0.9 |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 52.0 | 38.8 | -53.5 | -12.8 | 30.8 | -11.0 | -29.7 | -16.3 | 50.1 | 65.4 | 72.7 | 3.2 |
| Производство на електрична опрема | 27.8 | -24.8 | -43.2 | 2,2 пати | 2,9 пати | 2,9 пати | 2,2 пати | 22.9 | -47.5 | -53.5 | -57.9 | -3.6 |
| Производство на останата опрема за транспорт | -18.4 | -46.4 | 44.5 | 2,0 пати | 3,6 пати | 79.2 | 2,2 пати | 37.8 | -0.8 | 49.1 | 21.5 | 0.4 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -3.1 | 8.7 | 14.4 | -11.1 | -3.1 | -21.6 | -16.7 | -4.1 | -17.6 | -5.1 | 12.7 | 1.2 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 6

### ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2010 | | | | 2011 | | | | 2012 | | Најнови податоци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Апр-12 | Мај-12 | Јун-12 |
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промет во трговија на мало* | 3.1 | -2.9 | 2.2 | 8.2 | 0.9 | 1.5 | 4.4 | 1.7 | 7.4 | 6.7 | 9.9 | 8.4 | -4.4 | - | -4.1 | -2.2 | - |
| Приходи од ДДВ* | 1.4 | -1.9 | 5.4 | 7.9 | -0.1 | 23.1 | 6.0 | -4.2 | 15.1 | -0.5 | 7.3 | 10.6 | -2.8 | -12.1 | -8.5 | -24.6 | -3.4 |
| Увоз на стоки за широка потрошувачка* | 9.8 | -8.7 | 7.8 | 1.4 | -1.4 | 15.2 | 13.2 | 4.2 | 4.5 | -7.7 | 4.6 | 4.8 | 0.3 | 0.0 | 1.3 | -1.9 | 0.6 |
| Домашно производство на потрошни добра | 5.8 | -4.6 | -1.8 | 6.8 | -5.8 | -7.5 | 2.5 | 2.7 | 8.2 | 16.4 | 3.9 | 0.4 | -6.0 | -5.8 | -3.2 | -2.7 | -10.8 |
| Кредити на население* | 31.8 | 4.0 | 2.2 | 5.1 | -0.4 | 0.8 | 2.1 | 2.2 | 1.4 | 2.8 | 4.0 | 5.1 | 5.7 | 4.5 | 4.6 | 4.7 | 4.5 |
| Просечна нето-плата* | 1.9 | 10.7 | 1.4 | -2.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | -3.1 | -1.9 | -2.4 | -1.5 | - | -1.1 | -2.4 | - |
| Приватни нето-трансфери* | -12.5 | 18.6 | 20.0 | 2.2 | 105.2 | 30.3 | 3.1 | 0.5 | -7.6 | -12.8 | 1.4 | 25.7 | 30.6 | - | 29.3 | 36.8 | - |
| Пензии* | 8.4 | 9.5 | 1.1 | 0.4 | 2.5 | 2.1 | 0.0 | 0.0 | -0.9 | -0.2 | 0.2 | 2.5 | 3.4 | 2.2 | 2.5 | 2.4 | 1.8 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

## Табела 7

### ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2010 | | | | 2011 | | | | 2012 | | Најнови податоци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Апр-12 | Мај-12 | Јун-12 |
| | *реални годишни промени во %, освен за СДИ промените на реалните износи се во милиони денари* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Увоз на средства за работа* | 19.4 | -3.3 | -12.7 | 2.2 | -32.2 | -11.0 | 5.0 | -10.0 | 8.3 | 16.9 | -6.6 | -6.0 | -9.3 | -11.5 | -10.0 | -11.7 | -13.0 |
| Извршени градежни работи* | 16.3 | 14.9 | 12.9 | 29.4 | 7.1 | -8.4 | 33.5 | 17.0 | 55.4 | 52.8 | 13.4 | 18.8 | -21.1 | - | -11.0 | -16.9 | - |
| Домашно производство на капитални производи | -1.0 | -23.1 | -10.8 | 41.0 | -27.7 | -5.9 | -12.7 | 5.1 | 64.5 | 44.7 | 43.0 | 18.6 | -13.9 | -13.6 | 1.2 | -19.9 | -18.8 |
| Државни капитални инвестиции* | 36.7 | -32.3 | 12.4 | 11.1 | 24.0 | -26.4 | 73.8 | -1.5 | 19.5 | 70.8 | -16.5 | -0.8 | 2.4 | -25.5 | -32.9 | -26.8 | -13.0 |
| Странски директни инвестиции** | -8211.9 | -14385.6 | 711.9 | 7591.5 | -750.6 | -1175.6 | -35.1 | 2673.2 | 10323.0 | -6258.5 | -323.3 | 3850.3 | -7562.5 | - | -325.2 | 2216.8 | - |
| Долгорочни кредити на претпријатија* | 25.9 | 8.6 | 9.1 | 6.6 | 4.5 | 7.8 | 8.8 | 9.1 | 10.3 | 12.9 | 11.5 | 6.6 | 7.7 | 5.5 | 6.6 | 7.0 | 5.5 |
| Залихи на готови производи | -5.6 | -2.1 | -3.3 | 12.1 | -6.8 | -18.0 | -6.7 | -5.8 | 6.0 | 19.5 | 18.2 | 6.0 | -3.9 | - | -3.3 | -1.8 | - |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

**реалните износи се пресметани од НБРМ, со делење на номиналните износи со нивото на индексот на потрошувачките цени.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 8

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Централен буџет и буџети на фондови)

| | 2011 | | | | Вкупно 2011 | 2012 | | Јан-Јун 2012 | годишни стапки на промени во 2012 година (во %) | | | процент на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во милиони денари* | **Кв.1** | **Кв.2** | **Кв.3** | **Кв.4** | | **Кв.1** | **Кв.2** | | **Кв.1** | **Кв.2** | **Јан-Јун** | **Јан-Јун** |
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***31,422*** | ***36,042*** | ***34,444*** | ***35,258*** | ***137,166*** | ***31,798*** | ***35,139*** | ***66,937*** | ***1.2*** | ***-2.5*** | ***-0.8*** | ***44.8*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **27,332** | **29,519** | **30,461** | **31,357** | **118,669** | **27,872** | **28,962** | **56,834** | **2.0** | **-1.9** | **0.0** | **45.9** |
| Даночни приходи (ССП) | 192 | 146 | 151 | 215 | 704 | 210 | 192 | 402 | 9.4 | 31.5 | 18.9 | 88.9 |
| Даноци | 18,002 | 19,411 | 20,247 | 20,546 | 78,206 | 18,217 | 18,592 | 36,809 | 1.2 | -4.2 | -1.6 | 45.0 |
| Персонален данок на доход | 2,242 | 2,325 | 2,288 | 2,658 | 9,513 | 2,298 | 2,363 | 4,661 | 2.5 | 1.6 | 2.1 | 45.6 |
| Данок на добивка | 920 | 1,496 | 731 | 741 | 3,888 | 964 | 1,312 | 2,276 | 4.8 | -12.3 | -5.8 | 58.4 |
| ДДВ | 9,834 | 10,140 | 11,037 | 11,213 | 42,224 | 9,798 | 9,100 | 18,898 | -0.4 | -10.3 | -5.4 | 42.7 |
| Акцизи | 3,423 | 3,687 | 4,326 | 4,077 | 15,513 | 3,399 | 4,034 | 7,433 | -0.7 | 9.4 | 4.5 | 46.5 |
| Увозни давачки | 809 | 950 | 1,027 | 993 | 3,779 | 932 | 994 | 1,926 | 15.2 | 4.6 | 9.5 | 48.2 |
| Други даноци | 774 | 813 | 838 | 864 | 3,289 | 826 | 789 | 1,615 | 6.7 | -3.0 | 1.8 | 46.1 |
| Придонеси | 9,138 | 9,962 | 10,063 | 10,596 | 39,759 | 9,445 | 10,178 | 19,623 | 3.4 | 2.2 | 2.7 | 47.3 |
| Фонд за ПИОМ | 6,188 | 6,740 | 6,792 | 7,170 | 26,890 | 6,375 | 6,876 | 13,251 | 3.0 | 2.0 | 2.5 | 48.4 |
| Агенција за вработување | 388 | 425 | 434 | 452 | 1,699 | 402 | 437 | 839 | 3.6 | 2.8 | 3.2 | 43.7 |
| Фонд за здравствено осигурување | 2,562 | 2,797 | 2,837 | 2,974 | 11,170 | 2,668 | 2,865 | 5,533 | 4.1 | 2.4 | 3.2 | 45.5 |
| **Неданочни приходи** | **2,922** | **3,585** | **3,358** | **2,979** | **12,844** | **2,782** | **3,087** | **5,869** | **-4.8** | **-13.9** | **-9.8** | **38.6** |
| **Капитални приходи** | **605** | **2,558** | **232** | **392** | **3,787** | **746** | **2,697** | **3,443** | **23.3** | **5.4** | **8.9** | **59.2** |
| **Странски донации** | **231** | **277** | **254** | **325** | **1,087** | **280** | **296** | **576** | **21.2** | **6.9** | **13.4** | **13.9** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **332** | **103** | **139** | **205** | **779** | **118** | **97** | **215** | **-64.5** | **-5.8** | **-50.6** | **35.8** |
| ***ВКУПНИ РАСХОДИ*** | ***35,148*** | ***40,048*** | ***36,103*** | ***37,350*** | ***148,649*** | ***36,328*** | ***38,656*** | ***74,984*** | ***3.4*** | ***-3.5*** | ***-0.3*** | ***46.4*** |
| **Тековни трошоци** | **31,133** | **35,164** | **31,830** | **32,812** | **130,939** | **32,113** | **34,941** | **67,054** | **3.1** | **-0.6** | **1.1** | **47.8** |
| Плати и надоместоци | 5,755 | 5,773 | 5,821 | 5,798 | 23,147 | 5,680 | 5,702 | 11,382 | -1.3 | -1.2 | -1.3 | 49.4 |
| Стоки и услуги | 3,497 | 3,768 | 3,128 | 3,565 | 13,958 | 3,739 | 3,328 | 7,067 | 6.9 | -11.7 | -2.7 | 44.4 |
| Трансфери | 21,523 | 24,938 | 21,392 | 22,510 | 90,363 | 22,164 | 25,110 | 47,274 | 3.0 | 0.7 | 1.7 | 48.4 |
| Трансфери (ССП) | 173 | 211 | 218 | 195 | 797 | 208 | 191 | 399 | 20.2 | -9.5 | 3.9 | 40.0 |
| Социјални трансфери | 15,961 | 17,223 | 16,665 | 17,339 | 67,188 | 17,015 | 17,254 | 34,269 | 6.6 | 0.2 | 3.3 | 48.7 |
| Други трансфери | 5,389 | 7,504 | 4,509 | 4,976 | 22,378 | 4,941 | 7,665 | 12,606 | -8.3 | 2.1 | -2.2 | 48.0 |
| Каматни плаќања | 358 | 685 | 1,489 | 939 | 3,471 | 530 | 801 | 1,331 | 48.0 | 16.9 | 27.6 | 36.3 |
| Камати по домашен долг | 196 | 444 | 224 | 243 | 1,107 | 242 | 347 | 589 | 23.5 | -21.8 | -8.0 | 64.4 |
| Камати по надворешен долг | 162 | 241 | 1,265 | 696 | 2,364 | 288 | 454 | 742 | 77.8 | 88.4 | 84.1 | 27.0 |
| **Капитални трошоци** | **4,015** | **4,884** | **4,273** | **4,538** | **17,710** | **4,215** | **3,715** | **7,930** | **5.0** | **-23.9** | **-10.9** | **37.0** |
